Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 2 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

# З А П И С Н И К
## од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2022 година

Седницата започна во 11:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Анета Трпеска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

На седницата присуствуваа Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

Од седницата отсуствуваа д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година
- Усвојување на Записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2022 година
- Усвојување на Записникот од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 февруари 2022 година
- Усвојување на Записникот од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2022 година
- Усвојување на Записникот од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2022 година

**ППДР:**

- Агенда Европа дома
- Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2022-25.2.2022 година

1. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

2. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (објект хотел „Борец“-Битола)

3. Предлог-одлука за прогласување на Куршумли ан во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр 7/22 (КП бр. 1078 КО Чаир)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр. 11649/1 КО Центар 1)

6. Информација за преземените дејствија во врска со постапката што се води по предметот за враќање на поранешно кино „Напредок“ во сопственост на Исламската верска заедница

7. Извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2021 година

8. Предлог-одлука за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и општините Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Кочани, Штип, Гостивар и Охрид

9. Информација за обезбедување или пренамена на финансиски средства за реализација на дополнителна обука на двајца пилоти од Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови на Дирекцијата за заштита и спасување

10. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи

11. Барање на согласност на Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Берово, со Предлог-листа

12. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Центар 1, КП бр.5407/2- Општина Центар)

13. Информација за состојбата со граѓаните на Република Северна Македонија во Република Украина и потребата од преземање мерки за прифаќање на украински државјани во врска со барања доставени од Република Украина

14. Национална стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025 година, со нов текст на Акциски план за имплементација на Националната стратегија за интегрирано гранично управување (2022-2025)

15. Информација за задолженијата за надлежните институции за мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година и континуирано

16. Информација во врска со покана за учество во постапка за медијација која се однесува на Договор за изградба на градежни работи за реконструкција на улица и паркинг до комплекс со спортски содржини, пешачка и велосипедска патека, заведен под арх. бр. 05-01/14 од 6.3.2020 година

17. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за периодот јули-декември 2021 година)

18. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик (за периодот 1 септември 2021 година-31 декември 2021 година)

19. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Македонски народен театар-Скопје (две патнички моторни возила)

20. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението-Ансамбл на народни игри и песни „Орце Николов“-Скопје

21. Предлог на закон за дополнување на Законот за Јавното обвинителство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

22. Предлог на закон за дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

23. Годишна програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година, со Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година

24. Извештај за работа на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност за периодот јуни 2021 година-декември 2021 година

25. Барање за давање на автентично толкување на членовите 50, 51 и 61 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 18/01, 79/01, 38/04, 83/04, 60/05, 33/06, 84/08, 157/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 138/14, 153/14, 104/15, 150/15 и 122/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/21 и 53/21), поднесено од пратеникот Љатифе Шиковска

26. Иницијатива поднесена од Здравко Тумбовски од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.5/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20 и 267/20)

27. Кадровски прашања

28. Прашања и предлози

29. Информација за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (ноември 2021 година)

30. Извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2021 година

31. Барање согласност за спроведување на физичка делба на објект во заедничка сопственост на Македонски телеком АД Скопје и АД Пошта на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје

32. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО мисијата „NATO Mission Iraq-NMI“ во Ирак

33. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на случајот пред Европскиот суд за човекови права Тодоровски против Република Северна Македонија А.бр.53112/18

34. Информација за потреба од изменување и дополнување на задолженијата од точка 4 од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18.1.2022 година

35. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за именување на арбитер во поведената арбитражна постапка од страна на ГАМА Гуч стемлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш., против Република Северна Македонија, заведена под број ICC Case Number 26696/HBH

36. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година

37. Информација за текот на активностите по раскинувањето на Договорот за изградба на експресен пат, Лот 1: изградба на делница Длабочица-Чатал (жолта линија) 14км помеѓу Јавно претпријатие за државни патишта, како инвеститор и Тирена Скави С.п.А.-Италија, како изведувач, со Предлог-договор за порамнување (Спогодба)

*
* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година, Записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2022 година, Записникот од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 февруари 2022 година, Записникот од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2022 година и Записникот од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2022 година.

*
* *

ППДР:

- Агенда Европа дома

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ ги информираше членовите на Владата за отпочнување на подготовката на Годишниот пакет за проширување кој го вклучува Годишниот извештај за процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (за период октомври 2021 заклучно со март 2022 година).

Притоа, укажа на потребата институциите (Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот завод за индустриска сопственост, Министерството за финансии-Царинска управа и Државниот завод за статистика), да подготват што појасни одговори (концизни, да реферираат на конкретни поместувања, афирмативно да претставаат тоа што е направено и промени во фактичката состојба во Извештајниот период), за сите поглавја и области и истите да ги доставаат до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 12 април 2022 година, со цел да бидат одобрени од Владата, а потоа доставени до Европската комисија до 20 април 2022 година.

- Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2022-25.2.2022 година

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2022-25.2.2022 година, како материјал за информирање.

По овој повод, министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими им укажа на сите министри да ги интензивираат активностите насочени кон реализација на капиталните расходи.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (објект хотел „Борец“-Битола, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на Куршумли ан во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр 7/22 (КП бр. 1078 КО Чаир), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за преземените дејствија во врска со постапката што се води по предметот за враќање на поранешно кино „Напредок“ во сопственост на Исламската верска заедница.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 7**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2021 година.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и општините Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Кочани, Штип, Гостивар и Охрид, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување или пренамена на финансиски средства за реализација на дополнителна обука на двајца пилоти од Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови на Дирекцијата за заштита и спасување и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување потребните финансиски средства за дополнителна обука на двајца пилоти да ги обезбеди со пренамена на средства во сопствениот буџет по претходна добиена согласност од Министерството за финансии, а потоа дополнително (со евентуален ребаланс) Министерството за

финансии да ги врати истите финансиски средства во буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето на согласност на Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Берово, со Предлог-листа, го усвои Барањето и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Берово.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Центар 1, КП бр.5407/2- Општина Центар), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со граѓаните на Република Северна Македонија во Република Украина и потребата од преземање мерки за прифаќање на украински државјани во врска со барања доставени од Република Украина и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување во рок од три дена, да доставаат информации за расположливите државни сместувачки капацитети до Министерството за надворешни работи кое ќе ги координира активностите во блиска комуникација со сите надлежни институции, во насока на подготовка на активности за евентуална бегалска криза со украински државјани, а Министерството за надворешни работи да ја извести Владата за севкупните состојби и расположливи капацитети

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за странци да овозможи продолжување на престојот на украинските државјани кои се затекнати во Република Северна Македонија и заради безбедносната состојба не се во можност да се вратат во Република Украина.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности согласно Законот за странци и притоа да одлучува и донесува соодветни решенија за одобрување на влез и да овозможи престој во Република Северна Македонија, поради хуманитарни причини, за украински државјани кои бегаат од воените дејствија во Република Украина, а притоа не поседуваат валиден документ за идентификација, за периодот на траење на безбедносната криза во Република Украина.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветно

изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена во насока на укинување на обврската за поседување документ (негативен резултат од PCR тест за COVID-19 или доказ за вакцинација) за влез во Република Северна Македонија за украинските државјани кои заради страв и бегство од воените состојби во Република Украина пристигнуваат во Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Министерството за здравство по пристигнувањето на украинските државјани во Република Северна Македонија да спроведе тестирање за COVID-19 и соодветен здравствен преглед.

Истовремено, се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за внатрешни работи за наредната седница на Владата да достават соодветен/и акт/и (за продолжување на престојот и регулирање на статусот на украинските државјани и др.) кои е потребно да се донесат за решавање на ова прашање.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Националната стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025 година, со новиот текст на Акциски план за имплементација на Националната стратегија за интегрирано гранично управување (2022-2025) и ја усвои Националната стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025 година, со Акциски план за имплементација на Националната стратегија за интегрирано гранично управување (2022-2025), со заклучок финансиските средства потребни за реализација на предвидените активности да се вклопат во рамки на максималните износи на расходи на надлежните институции за наредниот среднорочен период.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за задолженијата за надлежните институции за мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година и континуирано и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите надлежни институции наведени во Табелата во прилог на Информацијата, кои имаат задолженија за спроведување на мерките и активностите, а чии активности не се реализирани во прв и втор квартал 2021 година во рок од 14 дена до Владата да предложат нови рокови за реализација на активностите во 2022 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со покана за учество во постапка за медијација која се однесува на Договор за изградба на градежни работи за реконструкција на улица и паркинг до комплекс со спортски содржини, пешачка и велосипедска патека, заведен под арх. бр. 05-01/14 од 6.3.2020 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги извести иницијаторот на постапката за медијација, Општина Прилеп како должник и Државното правобранителство на Република Северна Македонија дека Владата на Република Северна Македонија, односно Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија нема финансиски обврски

кон иницијаторот ДГТУ Ленди груп ДООЕЛ Скопје туку сите обврски согласно документацијата за овој проект се на товар на Општината.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за периодот јули-декември 2021 година), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика во јули 2022 година да ја информира Владата за спроведените активности за времено згрижените лица во Прифатниот центар во Визбегово.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик (за периодот 1 септември 2021 година-31 декември 2021 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на градоначалниците на Општина Тетово и Општина Гостивар, да го свикаат Советот на општината и да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација (на 20 деца Роми на возраст од 3-6 години во Тетово и 15 деца Роми на возраст од 3-6 години во Гостивар) за второто полугодие од учебната 2021/2022 година, согласно дадената табела.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во јули 2022 година, да ја информира Владата за имплементација на проектот-Инклузија на деца Роми во предучилишно образование.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика, во рок од еден месец, да подготви и до Владата да достави анализа на успешност на проектот ,,Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Македонски народен театар-Скопје (две патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението Ансамбл на народни игри и песни Орце Николов-Скопје (најновиот текст), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за Јавното обвинителство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:
Во однос на предложените дополнувања во Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 150/07, 111/08 и 198/18), кои се однесуваат на определување на задолжителен рок во кој извештаите најдоцна треба да бидат доставени до Собранието на Република Северна Македонија, со цел надминување

на постојната пракса за доцно доставување и непрактична примена на препораките, Владата на Република Северна Македонија го поддржува истиот и воедно укажува за потребата од подобрување на Предлогот на закон од номотехнички аспект.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во однос на предложените дополнувања во Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.150/07 и 110/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), кои се однесуваат на определување на задолжителен рок во кој извештаите најдоцна треба да бидат доставени до Собранието на Република Северна Македонија, со цел надминување на постојната пракса за доцно доставување и непрактична примена на препораките, Владата на Република Северна Македонија го поддржува истиот и воедно укажува за потребата од подобрување на Предлогот на закон од номотехнички аспект.

**Точка 23**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година, со Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), МРТ е должна на секои пет години да донесе Стратегија за развој за наредните пет години, која содржи и годишни планови за имплементација, што се ревидираат секоја година врз основа на анализа на спроведувањето на стратегијата. Според став 2 од овој член, МРТ донесува Годишна програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието, најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи: програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на МРТ согласно овој закон и финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на МРТ за наредната година, групирани по структура и по организациона структура на МРТ, како и предвидените капитални инвестиции на МРТ. Според став 3 од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на МРТ за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на МРТ за тековната година, а според став 4 од овој член, финансискиот план од ставот 2 алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието, најдоцна до 31 декември во тековната година.

По однос на Предлог-одлуката за одобрување на Финансискиот план за 2022 година, од формално-правен аспект се укажува на следното:
1. Во правниот основ за донесување на Предлог-одлуката по бројот „27/19" ќе треба да се додадат зборовите „и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.", со оглед дека броевите 42/20 и 77/21 се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија".

2. Во насловот и во членот 1 од Предлог-одлуката ќе треба да се наведе точниот назив на Јавното претпријатие за кое се бара одобрување на Финансискиот план за 2022 година.

3. Текстот на Предлог-одлуката има потреба од редакциско подобрување.

4. Во прилог на Предлог-одлуката ќе треба да биде доставено и образложение на истата.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата, се наведува дека „Со оглед на тоа што препораките за 2020 година не се спроведени во целост, во наредната година земјата особено треба да ги зајакне независноста и капацитетот на јавниот радиодифузен сервис. Исто така, треба да се зголемат напорите за реформа на јавниот радиодифузен сервис, обезбедувајќи ја неговата независност и финансиска одржливост.“

Оттука, се смета дека во континуитет треба да продолжат реформите за остварување на целосна уредувачка независност на јавниот радиодифузен сервис, преку зајакнување на неговите професионални и кадровски капацитети, притоа земајќи ја предвид и улогата на јавноста, која треба да биде навремено, објективно и точно информирана.

Врз основа на ова, во континуитет се укажува дека во Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за 2022 година, покрај програмската шема на програмските сервиси особено треба да бидат прикажани и активностите во однос на реформите, како што се:
- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосно спроведување на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој ги опфаќа стандардите и начелата и од каде произлегува должноста за обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност, разновидност на гледиштата и сеопфатност во информирањето;
- Обезбедување отчетност кон јавноста преку механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитувањето на професионалните и етичките стандарди во програмите;
- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, пред се на новинарите во доменот на почитување на професионалните и етичките новинарски стандарди.

Што се однесува до финансиските показатели, Владата цени дека врз основа на доставените проекции на приходната страна за 2022 година, може да се утврди дека Претпријатието планира да реализира приходи во вкупен износ од 1.634.500.000 денари. Во однос на реализирањето во претходната година, кај приходите постои зголемување од 75,75%, кое произлегува од проектираниот повисок износ на средства од буџетот. Следствено на ова, во структурата на приходи за 2022 година, најголемо е учеството на приходите од буџетот, кои се утврдени на износ од 1.564.500.000 денари.

Расходната страна на Претпријатието за 2022 година е утврдена на износ од 1.574.500.000 денари (зголемување од 59,63 % во однос на 2021 година), во чиј износ влегува и износот на средства предвиден за инвестиции од 200.000.000 денари. Во вкупниот износ на расходи, позначајно учество имаат следните позиции: трошоци за вработени, трошоци за енергија, трошоци за амортизација, програмски права и други трошоци од работењето.

Во однос на проекцијата на средства кај помалку продуктивни расходни ставки (патни трошоци, трошоци за проект Евровизија, поштенски и телефонски услуги, надомест за

фестивали, трошоци за реклама и репрезентација и друго), се укажува на потребата од страна на надлежните органи да се разгледа можноста истите да се ревидираат во насока на нивно намалување. Дадената забелешка е со цел придржување кон насоките дадени од Владата за преземање на активности на јавните претпријатија за консолидација на приходната и расходната страна за нивно порентабилно работење.

Во однос на зголемувањето кај трошоците за вработени, се укажува на потребата подетално да се образложат причините за планираното зголемување на ставката бруто плати, кај која постои зголемување од 12,18 % во однос на претходната година.

Исто така, дали зголемувањето на ставката за бруто плати е во функција на исполнувањето на горенаведените активности во однос на реформите и професионалните и етички новинарски стандарди, како и препораките наведени во Извештајот на Европската Унија.

**<u>Точка 24</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Националниот совет за високо образование и научно -истражувачка дејност за периодот јуни 2021 година-декември 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на Извештајот за работа на Националниот совет за високото образование и научно- истражувачката дејност за периодот јуни 2021 година-јуни 2022 година, Владата на Република Северна Македонија, смета дека сите активности и документи кои ги носи Националниот совет се во насока на подобрување на квалитетот на високото образование, науката и истражувањето. Од целокупната работа на Националниот совет најмногу, придобивки ќе имаат студентите, високообразовната и деловната заедница, преку подобрени квалификации и студиски програми.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки по предметниот извештај.

**<u>Точка 25</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 50, 51 и 61 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 18/01, 79/01, 38/04, 83/04, 60/05, 33/06, 84/08, 157/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 138/14, 153/14, 104/15, 150/15 и 122/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/21 и 53/21), поднесено од пратеничката Љатифе Шиковска и притоа го утврди следново мислење:

Со Законот за семејството се регулирани бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови.

Овој закон се заснова на Уставот на Република Северна Македонија од утврдените основни слободи и права на човекот и граѓаните во делот на посебната заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа, која ја обезбедува Републиката.

Со општите одредби од овој закон, семејството е дефинирано како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување.

Со овие одредби се дефинирани и настанувањето на родителството, правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини, правата и должностите за издржување на родителите, на децата и на другите роднини, како и дека оспорување и утврдување на родителството е дозволено под услови и на начин утврден со овој закон.

Врз основа на општите одредби, разработени се посебни одредби во кои е уредено засновањето на односи на родители и деца, како и условите и постапката за утврдување и оспорување на татковство.

Во главата за засновање на односите меѓу родители и деца, во точката за утврдување на татковство и на мајчинство со членот 50 од Законот за семејството е утврдено дека брачниот другар на мајката се смета за татко на детето родено за време на траењето на бракот или во рок од 300 дена по престанокот на бракот. Со оваа одредба се има за цел да се остварат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

Во член 51 е утврдено дека за татко на детето родено надвор од брак се смета лицето кое детето ќе го признае за свое. Татковство може да се признае пред матичар, центар за социјална работа и суд.

Во член 61 се утврдува дека за татко на детето, родено надвор од брак ќе се смета лице кое со мајката на детето имало полови односи во време од најмалку 180 до 300 дена пред раѓањето на детето, доколку не се докаже спротивното. При утврдувањето на татковството судот особено ги зема предвид и заедничкиот живот и меѓусебните односи на мајката на детето и на тужениот пред и по раѓањето на детето, како и медицинските и други докази кои не го исклучуваат тужениот дека е татко на детето.

Во главата за оспорување на татковство и на мајчинство, со членот 64 е пропишано дека брачниот другар може да оспорува татковство на дете кое го родила неговата брачна другарка за време на траењето на бракот или пред истекот на 300 дена од престанокот на бракот, ако смета дека не му е татко на детето. Тужбата за оспорување на татковство се поднесува во рок од три месеци од денот на дознавањето за раѓањето. Ако брачниот другар на мајката е лишен од деловна способност или ако ја изгубил деловната способност пред истекот на рокот за оспорување на татковство, татковството може да го оспорува неговиот старател со одобрение на центарот за социјална работа и тоа во рок од три месеци од кога дознал за раѓањето на детето.

Со член 65 се овозможува нов рок за поднесување тужба за оспорување на татковство во случаи кога ќе се откријат факти и докази од кои произлегува дека брачниот другар не е татко на детето кое го родила неговата брачна другарка.

Воедно, со одредбите од членовите 66 и 67 од Законот е дадена активна легитимација на мајката и детето за поведување судска постапка за оспорување на татковство.

Со цитираните одредби, законодавецот утврдил кои лица имаат правен интерес да поведат постапка за оспорување на татковство, имајќи ја предвид посебната грижа и заштита на семејството.

Во делот на Законот за семејството кој се однесува на постапката во споровите за утврдување и оспорување на татковството и мајчинството, во членот 263, како странки во спорот за утврдување на татковство се утврдени: лицето чие татковство се утврдува, детето и мајката на детето, а центарот за социјална работа само кога согласно со

одредбите на овој закон е овластен да поведе постапка за утврдување на татковство. Со ставот 2 од овој член, како странки во спорот за оспорување на татковство се утврдени: лицето кое го оспорува татковството, лицето чие татковство се оспорува, детето и мајката на детето. Воедно, со оваа одредба е дадена можност, кога татковството го оспорува мажот на мајката од подоцнежниот брак, како странка во постапката да се јави и мажот на мајката од поранешниот брак.

Врз основа на горенаведените правни аргументи, Владата на Република Северна Македонија укажува дека одредбите на Законот за семејство меѓусебно се поврзани и е потребно при нивата примена да се толкуваат како една правна целина која овозможува целосно остварување и заштита на интересите на брачните другари, семејството и општеството, поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на наведените законски одредби.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здравко Тумбовски од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.5/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), и притоа го утврди следново мислење:

Со предметната Иницијатива подносителот поведува постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со образложение дека наведените законски одредби се спротивни на член 20 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 1, 14, 16 и 22 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Согласно член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина). Средствата за солидарен фонд-посмртна помош Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за солидарен фонд-посмртна помош на корисници на пензија“.

Според член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, издвојувањето средства за посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување. Висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните, а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија. Актот на регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија се објавува на почетокот на секоја година во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Средствата по основ на членарина Фондот ги дозначува на сметката што ја определува регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Со член 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува дека исплатата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици. Исплата на посмртната помош се врши по поднесено барање до филијалата на Фондот од лицето кое извршило плаќање на трошоците за погреб. Образецот на барањето и потребната документација за исплата на посмртна помош ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Во предметната Иницијатива е наведено дека овие законски одредби се спротивни на Уставот и Законот за здруженија на граѓани и фондации, бидејќи прашањето за задршката на средства од пензија по основ на солидарен фонд и членарина за членство во здруженија на пензионери не треба да биде на иницијатива и предлог на Владата на Република Северна Македонија, туку на предлог и иницијатива на граѓаните, членови на здруженијата.

Уредувањето на задржувањето на средства за солидарен фонд и членарина од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија со член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, согласно наводите во Инцијативата го узурпирало член 20 став 1 од Уставот и целиот Закон за здруженија на граѓани и фондации, бидејќи овој член во целост не се засновува на одлука на членовите на здруженија на пензионери. Со уредување на ова прашање во Законот за пензиското и инвалидското осигурување Министерството за труд и социјална политика, односно Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија без овластување се мешале во работите на невладина организација. Во законските одредби не пишува по која одлука се спроведува задршката на средства од пензија, која е регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите, односно кој е органот на пензионерите кој ја донесува одлуката, кога се донесува и што предвидува одлуката. Исто така, оспорените законски одредби не пропишувале каква е согласноста што ја дава пензионерот, на кого се дава, кој ја бара таа согласност и како се спроведува понатаму. Дотолку повеќе што, Министерството за труд и социјална политика, т.е. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, немале овластување да задржуваат средства за членарина за членување во здруженија на пензионери, како невладино здружение на граѓани основано согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации. Средствата по основ на солидарен фонд не требало да се уплаќаат на трезорска сметка, како што пропишува законската одредба, бидејќи тие не се пари од даноци, акцизи и слично, туку се приватни средства на членовите на здруженијата на пензионери. Во однос на тековната состојба на Сојузот на здруженија на пензионери, која се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија стоело организационен облик и дејност на општествени организации, фондации и здруженија на граѓани, што укажува дека законските одредби се неуставни и спротивни на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Членот 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со кој се уредува дека регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија со акт ја пропишува висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните, а неискористени средства од посмртна помош, според Иницијативата е неуставен, бидејќи законодавецот формирал нова „регистрирана организација на сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија“. Оваа регистрирана организација на пензионерите на Македонија не ја изразувала волјата на

пензионерите, бидејќи е формирана од страна на полнолетни граѓани, а не од пензионери. Ваквата организација не е регистрирана во Централен регистар на Република Северна Македонија и со тоа таа претставувала вештачка творба на законската одредба од член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Членот 117 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, исто така согласно Иницијативата значел директно интерферирање на државата во работата на невладини организации, со тоа што министерот за труд и социјална политика го пропишувал барањето и потребната документација за исплата на посмртна помош, како и дека исплатата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја вршел Фондот преку подрачните единици. Дотолку повеќе што Законот за пензиското и инвалидското осигурување не предвидувал обврска до членовите на здруженијата да се достави извештај колку средства се собрани, колку се потрошени, за кои намени истите се потрошени, итн.

Согласно наведеното, со Иницијативата се бара здружението на пензионери како здружение на граѓани да го определува основот да наплатува средства за солидарен фонд за членарина и да врши исплата на посмртна помош, да бара согласност за задржување на средства од пензијата, како и да го врши администрирањето со средствата од солидарен фонд, членарина и посмртна помош, во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации, а не тоа да биде согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Исто така, регистрацијата на Сојузот на здруженија на пензионери, како здружение на граѓани, како и управувањето со средствата, требало да биде согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Предметната Иницијатива се повикува на Законот за здруженија на граѓани и фондации, кој не постои во правниот систем, односно истиот е престанат со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16).

Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16), согласно член 1 го уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата и фондациите.

Согласно член 15 од Законот, здружение можат да основаат физички и правни лица. Здружение можат да основаат најмалку пет основачи од кои тројца од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Северна Македонија. Здружение на граѓани може да основаат малолетни лица со навршена 15-годишна возраст преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението во согласност со закон.

Согласно член 19 од Законот, членувањето во здружението е доброволно. Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности, како и другите членови на здружението. Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

Уставот на Република Северна Македонија, во член 20 ставови (1) и (2) предвидува дека на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да иступуваат.

Согласно член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдено со закон и колективен договор.

Задршката на дел од пензијата по основ на солидарен фонд и членарина се врши по дадена согласност на корисникот на пензија, во смисла на членот 115 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, односно се врши на доброволна основа и во еднаков износ на корисниците на пензија. Поаѓајќи од волјата на корисниците на пензија кои доброволно одлучиле да издвојуваат средства за исплата на посмртна помош и за членување во здружение на пензионери (членарина), со споменатите законски одредби се уредува начинот на издвојување на средствата и дознаката на членарината на сметка што ја определува регистрирана организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Членот 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување го уредува начинот за издвојување на средства за посмртна помош и членарина, како и дека определување на висината за задршката за посмртната помош и членарина и висината на исплатата на посмртната помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните, а не искористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија. Распределбата на средствата по основ на членарина, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ја врши на начин што средствата ги дозначува на сметка што ја определува регистрирана организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Според член 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици. Исплата на посмртната помош се врши по поднесено барање до филијалата на Фондот од лицето кое извршило плаќање на трошоците за погреб. Во однос на членарината која исто така се запира од пензијата врз основа на согласност на корисникот на пензијата, висината на задршката за членарина и начинот на распределба на членарината ги уредува Здружението на пензионерите на Македонија со свој акт. Законот го задолжува Фондот тие средства да ги дозначи на сметката што ќе ја определи Здружението на пензионерите на Македонија.
Според тоа, издвојувањето на средствата за посмртна помош и за членарина во здруженијата на пензионери е засновано на доброволна основа, висината на тие средства ги утврдува здружението на пензионерите на ниво на Република Северна Македонија и во еднаков износ за сите пензионери-членови на здружението, па оттука се запазени двата елементи-доброволност и здружување на средствата за определена намена.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените членови 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), се во согласност со член 20 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од наведениот закон.

**Точка 27**

1. Владата на Агим Муртезани, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време од шест месеци, сметано од 15.2.2022 година до 15.8.2022 година.

2. Владата ја разреши Татјана Васиќ-Бозаџиева, од должноста член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек.

2.1 Владата го именува Ќенан Џафери, за член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, претставник од Министерството за здравство.

3. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони, ги разреши:
- Славјанка Стојановска,
- Сузана Калачевска и
- Тања Соколеска.

3.1. Владата за членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони, ги именува:
- Пиетро Стерпоне, ДПТ Аптив сервисес Македонија, ДООЕЛ Скопје,
- Саво Станковиќ, ДПТ Хај тек асембли центар ДООЕЛ, експорт-импорт Илинден и
- Игор Здравески ДП Адиент аутомотиве ДООЕЛ, Струмица.

4. Владата од должноста членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, ги разреши:

од редот на вработените во органите на државната управа
- Аднан Селмани

од редот на здруженијата и фондациите
- Татјана Стоименовска, на нејзино барање.

4.1. Владата за членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, ги именува:

од редот на вработените во органите на државната управа
- Кристина Петрова-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

од редот на здруженијата и фондациите
- Марија Савовска, Здружение за унапредување на родовата еднаквост-Акција Здруженска-Скопје, област Родова еднаквост

5. Владата го разреши Садат Рамчески, од должноста член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „СТУДЕНЧИЦА''-Кичево, поради истек на мандатот.

5.1 Владата го именува Садат Рамчески, за член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „СТУДЕНЧИЦА''-Кичево.

6. Владата ја разреши Драгана Јовчевска, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип-претставник од Советот на општината.

6.1. Владата ја именува Анкица Кијајова, за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип-претставник од Советот на Општината.

7. Владата го разреши Исеин Демири, од должноста член на Управниот одбор-претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови, поради истек на мандатот.

7.1. Владата го именува Исеин Демири, за член на Управниот одбор-претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

8. Владата ја именува Вангелија Велева, за вршител на должност директор на Педагошка служба, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Светислав Ѓорѓевиќ, од должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност, поради истек на мандатот.

10. Владата го именува Алија Камбероски, за вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Науаф Баара, од должноста директор на Геолошки завод на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

12. Владата го именува Науаф Баара, за вршител на должноста директор на Геолошки завод на Република Северна Македонија, досегашен директор на Заводот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го разреши Ристе Недески, од должноста директор на КПУ Затвор - Охрид, поради истек на мандатот.

14. Владата го именува Ристе Недески, за вршител на должноста директор на КПУ Затвор-Охрид, досегашен директор на Затворот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата ги разреши од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил“:
претставници на основачот
-Ивица Јевтиќ и
-Наташа Биковска.

од редот на стручните работници во установата
-Марија Крстевска и
-Зоран Апостоловски

15.1 Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил“ ги именува:

претставници на основачот

-Ивица Јевтиќ и
-Александра Стефановска

од редот на стручните работници во установата
-Марија Крстевска и
-Верица Динова.

16. Владата од должноста членови на Органот за надзор на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил“, ги разреши :
-Миодраг Мреновиќ,
-Ана Марија Павиќ и
-Анкица Трајковска

16.1. Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил“, ги именува:
-Миодраг Мреновиќ,
-Ана Марија Павиќ и
-Анкица Трајковска.

17. Владата ја разреши Елизабета Божиновска, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“ Битола, поради истек на мандат.

17.1 Владата ја именува Елизабета Божиновска, за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“ Битола.

18. Владата го разреши Милутин Станчиќ, од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

19. Владата ја именува Розита Благојевиќ, за директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, ги разреши:
- Илинка Кољозова и
-Моника Николовска-Гајдов, поради истек на мандатот.

20.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, ги именува:
- Марија Тодороска и
- Моника Николовска Гајдов.

21. Владата за претседател и членови на Националната комисија за учебници, ги именува:

а) за претседател
- проф.д-р Јованка Лазаревска-Станчевска

б) за членови:
од редот на високообразовните и научните установи од областа на јазиците:

- проф. д-р Симон Саздов
- проф. д-р Елена Јованова-Грујовска
- Љуљзим Адеми

од редот на високообразовните и научни установи од областа на општествено-хуманистичките науки:

- Марија Ристевска

од редот на високообразовните и научните установи од областа на природните науки, математика и техника:

- проф.д-р Маргарита Гиновска
- проф.д-р Златко Србиновски
- Букурије Имери-Јусуфи
- проф.д-р Марија Стојановска.

Од редот на високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот:
- д-р Ивица Зориќ
- Седат Бафтиу
- проф.д-р Серјожа Гонтарев
- проф.д-р Живко Фирфов

Од редот на основните и средните училишта:
- Гордана Атанасова
- Анѓелка Баракоска
- Марина Џепароска
- Драган Арсовски
- Арјета Чајлани
- Гани Ахмети и
- Насер Мифтари.

**Точка 28**

1. Владата го разгледа и го прифати Извествувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 17 февруари 2022 година до 23 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата по повод укажувањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи во однос на незаконските постапувања на локалните самоуправи, односно градоначлниците при разрешувања и именувања на директори на основни, средни училишта, градинки и управните одбори ги задолжи Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за локална самоуправа, Државниот инспекторат за труд, Државниот просветен инспекторат и Државниот управен инспекторат да подготват и за наредната седница на Владата да доставаат заеднички извештај за сите разрешувања

и именувања на директори на основни, средни училишта, градинки и управните одбори во сите општини и Градот Скопје, спротивно на закон.

3. Владата заклучи:
1) Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до 11 март 2022 година (петок) да ја заврши постапката за предавање на управувањето со системот за автоматизација на инспекциска постапка и инспекциско работење Е-инспектор од Министерството за информатичко општество и администрација на Инспекцискиот совет.

2) Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и за наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (софтвер Е-инспектор) од Министерството за информатичко општество и администрација на Инспекцискиот совет, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

4.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 14 февруари 2022 година до 20 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 21 февруари 2022 година до 27 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

6.Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучоци, донесени на Сто и тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2021 година во врска со точка 5, Информацијата за преземените мерки по препораките од овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај за квалитетот на услугите кои ги даваат единиците на локалната самоуправа преку своите веб портали го усвои Барањето и заклучи, во заклучоците под реден бр.3 и 4, рокот за доставување во соодветните извештаи да биде септември 2022 година.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за локална самоуправа Извештајот од анализата на потребата и можноста за унифицирање на е -услугите на локално ниво и Извештајот за спроведената анализа на можноста за употреба на Националниот портал за услугите кои ги даваат единиците на локалната самоуправа да ги достави до Владата во еден материјал.

7.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест

COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 12 февруари 2022 година до 18 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

8. Владата го разгледа Барањето за престанување на важење на Заклучокот од 172-та седница на Владата на Република Северна Македонија, поднесено од Министерството за здравство под бр.22-1652/1 од 18 февруари 2022 година, го прифати Барањето и заклучи да престанат да важат заклучоците од точка 62 донесени по Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема-магнетни резонанси за потребите на ЈЗУ Општа болница-Прилеп, ЈЗУ Општа болница -Гостивар и ЈЗУ Општа болница-Охрид, од причина што Министерството за здравство ја нема започнато постапката за јавната набавка.

9.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 19 февруари 2022 година до 25 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

10.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 8 февруари 2022 година до 14 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

11.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 15 февруари 2022 година до 21 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

12.Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 22 февруари 2022 година до 28 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

13.Владата на предлог на министерот за одбрана, а со оглед на состојбата во Украина и околината, со цел на подобра координација на институциите и субјектите во нашата држава, заклучи во наредниот период, во делот на Пред преминувањето на Дневен ред, на секоја редовна седница на Владата, да се разгледува Учеството на Република Северна Македонија во системот на НАТО за одговор на кризи.

14.Владата го разгледа Барањето од Министерството за здравство за престанување на важење на Заклучокот од точка 61 од 172-та седница на Владата, одржана на 24 декември 2019 година и заклучи да престанат да важат заклучоците донесени по точка 61 од Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема-компјутерски томографи, за потребите на ЈЗУ Општа болница-Струмица и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија, донесени на 172-та седница на Владата, одржана на 24 декември 2019 година, од причина што овие јавни здравствени установи се предвидени за набавки на медицинска опрема преку Европската Унија и кредитната линија од Светска банка.

15.Владата во врска со задолжението од Единаесеттата седница на Владата, одржана на 8 февруари 2022 година во однос на задолжувањето на акционерските друштва во државна сопственост кои остваруваат позитивни финансиски резултати во своето работење и располагаат со ликвидни средства, по претходно доставено барање за позајмица на АД ЕСМ во државна сопственост, да ја разгледаат можноста за одобрување на позајмицата, со рок на враќање од шест месеци, а со цел обезбедување на финансиска ликвидност поради одложеното плаќање на фактурите за испорачана електрична енергија, како и укажувањето на надлежните органи на јавните претпријатија основани од Владата да ја разгледаат можноста за ревидирање, односно намалување на одобрените инвестиции во Инвестиционите програми за 2022 година, со цел вишокот на средства остварени од работењето на јавното претпријатие кој нема да биде опфатен со инвестиционата програма да го уплатат во Буџетот на Република Северна Македонија и истиот да се намени за финансиска поддршка на АД ЕСМ во државна сопственост за обезбедување на финансиска ликвидност поради одложеното плаќање на фактурите за испорачана електрична енергија, заклучи:

- акционерските друштва во државна сопственост и надлежните органи на јавните претпријатија основани од Владата кои не постапиле по задолжението / укажувањето од Единаесеттата седница на Владата, одржана на 8 февруари 2022 година, во рок од седум дена да постапат по истото и да го известат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

Доколку истите не постапат, органите на управување и директорите ќе бидат разрешени поради непостапување по задолжение/укажување од страна на Владата.

16.Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и најдоцна во рок од 14 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка во однос на соодветно усогласување со Законот за минималната плата во Република Северна Македонија.

Истовремено Владата ги задолжи сите министерства, кои имаат потреба од изменување/дополнување на соодветни закони што треба да се усогласат со Законот за минималната плата во Република Северна Македонија, во најбрз можен рок да ги достават до Владата.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (ноември 2021 година), како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националната комисија за учебници за 2021 година, како материјал за информирање, со укажување во делот на одржани седници на Националната комисија за учебници во период од 1 јануари до 3 декември 2021 година, наместо „3 декември", да стои „3 октомври".

**Точка 31**

Владата го симна од Дневен ред Барањето согласност за спроведување на физичка делба на објект во заедничка сопственост на Македонски телеком АД Скопје и АД Пошта на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО мисијата „NATO Mission Iraq-NMI" во Ирак, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на случајот пред Европскиот суд за човекови права Тодоровски против Република Северна Македонија А.бр.53112/18 и ја усвои Информацијата со следните заклучи:

1.Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на случајот Тодоровски против Република Северна Македонија А.бр.53112/18.

2.Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на случајот да прифати дека државата на апликантот од случајот Тодоровски против Република Северна Македонија А.бр.53112/18 ќе му исплати вкупен износ од 900 евра во денарска противвредност за обесштетување на нематеријалната штета, како и надомест на сите трошоци.

3.Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантот во случајот пред Европскиот суд за човекови права Тодоровски против Република Северна Македонија А.бр.53112, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европска конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европски суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ, кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европски суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од изменување и дополнување на задолженијата од точка 4 од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18.1.2022 година, ја усвои Информацијата и заклучи заклучоците бр.1 и 2 од точка 4 од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18.1.2022 година, да се изменат и да гласат:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи да ги преземат сите потребни активности и координација во врска со сместувањето и превозот на новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија, која ќе се одржи на 25 јануари 2022 година.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците (превозот и хотелското сместување) за новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за 24 и 25 јануари 2022 година.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за именување на арбитер во поведената арбитражна постапка од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш., против Република Северна Македонија, заведена под број ICC Case Number 26696/HBH, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата повторно ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година и го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите по раскинувањето на Договорот за изградба на експресен пат, Лот 1: изградба на делница Длабочица-Чатал (жолта линија) 14км помеѓу Јавно претпријатие за државни патишта, како инвеститор и Тирена Скави С.п.А.-Италија, како изведувач, со Предлог-договор за порамнување (Спогодба) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри текстот на Предлог-договорот за порамнување (Спогодба) за регулирање на меѓусебниот спор по раскинувањето на Договорот за изградба на експресен пат, Лот 1: изградба на делница Длабочица-Чатал (жолта линија) 14 км помеѓу Јавно претпријатие за државни патишта, како инвеститор и Тирена Скави С.п.А. Италија, како изведувач.

2. Се задолжуваат Управниот одбор и Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта да ги донесат сите потребни акти за склучување на спогодбата со Тирена Скави С.п.А.-Италија и да се овласти директорот на Јавното претпријатие за државни патишта да ја потпише Спогодбата (Settlement Agreement) со Тирена Скави С.п.А.-Италија.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**